Врз основа на член 66 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО И БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ, ПРОГРАМИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА АЛКОХОЛ И ТУТУН, ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ, УЧЕСТВО ВО ИГРИ НА СРЕЌА И МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА**

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на остварување на:

- програмите за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање;
- програмите за спречување на дискриминација;
- програмите за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, droги и други психотропни супстанции и
- програмите за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција во основните училишта.

**Член 2**

Програмите од член 1 од овој правилник, се насочени кон:

- заштита на учениците од физичко, психичко, сексуално и сајбер насилство; запуштање, занемарување и злоупотреба,
- превенција од дискриминација по основ на етичка припадност, пол, јазик, религија, социјален статус, попреченост и други основи,
- превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, опојни droги и други психотропни супстанции и
- спречување на ризични однесувања, вклучително учество во игри на среќа, криминално и деликвентно однесување.

**Член 3**

Програмите од член 1 од овој правилник, се утврдуваат врз основа на анализи и проценки од стручните соработници во училиштето, предлози од ученичката заедница, училишниот одбор, советот на општината и Педагошката служба.

**Член 4**

Во секое основно училиште се формира тим кој ја координира реализацијата на програмите од член 1 од овој правилник.

Тимот е составен од директорот на училиштето, педагог/психолог, одговорен наставник/ци, претставник од советот на родители и ученичката заедница.

Тимот е одговорен за планирање, следење и евалуација на активностите, водење на документација и извештаи и соработка со надлежни институции.

**Член 5**

Програмите од член 1 од овој правилник, се реализираат преку:

- наставни активности во рамки на задолжителните и изборните предмети преку интегрирање на содржини поврзани со програмите;
- други активности - вonнаставни активности, час на одделенска заедница и општествено-хуманитарна работа;
- советодавна работа - индивидуална и групна, која ја вршат психологот, педагогот и другите стручни соработници во училиштето;

- соработка со родители/старатели, центри за социјална работа, здравствени установи, Министерството за внатрешни работи, локалната самоуправа, здруженија и невладини организации и

- едукативни активности за сите вработени во училиштето со цел превенција, заштита и навремено препознавање на ризични ситуации кај учениците.

Активностите во рамки на програмите се прилагодуваат на возраста и потребите на учениците, вклучително и на учениците со попреченост.

**Член 6**

Учениците се активни носители во спроведување на програмите предвидени со овој правилник.

Нивното учество се реализира преку:

- ученички парламент – кој предлага, учествува и ги следи активностите поврзани со реализација на програмите;

- ученички клубови и секции – преку кои се организираат активности за развој на социјални вештини, тимска работа, хуманитарни и превентивни акции;

- врсничка медијација, каде учениците од повисоките одделенија пренесуваат знаења и вештини на ученици од пониските одделенија;

- волонтерски акции и хуманитарни иницијативи организирани во рамки на училиштето и заедницата;

- креативни проекти - изработка на постери, видеа, истражувања, презентации, преку кои учениците промовираат здрави навики, ненасилно однесување и други воспитно-образовни цели;

- училишни конкурси и натпревари и

- избор на ученички „амбасадори“ - кои промовираат вредности како толеранција, безбедност, здравје и солидарност во училиштето.

**Член 7**

Во рамки на **Програмата за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање,** училиштето реализира активности преку задолжителните и изборните предмети, со интегрирање на содржини кои се однесуваат на препознавање и спречување на насилство и злоупотреба; развивање на емпатија; почитување и ненасилна комуникација; справување со конфликти и зајакнување на самодовербата; безбедно користење на интернет и социјални мрежи, вклучително и превенција од сајбер насилство.

Во рамки на други активности училиштето организира клубови и секции за развивање на социјални вештини, тимска работа и култура на почитување; театарски претстави или сценски активности кои прикажуваат решавање на конфликти без насилство; презентации и кампањи за безбедност/сајбер безбедност и превенција од насилство и злоупотреба; работилници за превенција на насилство со активности за препознавање на ризични ситуации, техники за ненасилна комуникација и вежби за самодоверба; ученички акции за поддршка на врсници, волонтерски иницијативи и хуманитарни настани за заедницата.

Советодавната работа се спроведува преку индивидуални и групни разговори со ученици кои се жртви, сведоци на насилство или покажуваат ризично однесување.

Под менторство на наставниците и стручната служба, учениците организираат и спроведуваат врснички медијации, дебати и кампањи за ненасилна комуникација; подготвуваат едукативни материјали (плакати, видеа, дигитални содржини) за превенција од насилство.

За вработените и родителите се организираат работилници за препознавање на знаци на насилство, занемарување или злоупотреба.

**Член 8**

Во рамки на **Програмата за спречување на дискриминација**, училиштето реализира активности преку задолжителните и изборните предмети, со интегрирање на содржини кои промовираат инклузија и развиваат култура на почитување на различностите. Содржините на овие активности вклучуваат спречување на различни форми на дискриминација, вклучително по пол, раса, етничка припадност, вера, попреченост, социјален статус и други; развивање на емпатија и толеранција; надминување на стереотипи и предрасуди; анализа на случаи од реалниот живот, користење на видео материјали, едукативни и интерактивни активности прилагодени на возраста на учениците.

Во рамки на други активности училиштето организира клубови и секции за мултикултурна соработка, тимска работа и инклузија; меѓуетнички и меѓукултурни настани; театарски претстави, дебати и презентации кои промовираат еднаквост и почитување на различностите; работилници за превенција од дискриминација и говор на омраза, вежби за толеранција и емпатија; активности за поддршка на ранливи групи, денови на солидарност, волонтерски и културни иницијативи за промоција на еднаквост.

Советодавната работа се спроведува преку групни работилници за ученици со цел спречување предрасуди и стереотипи и за развивање емпатија.

Учениците преку ученичкиот парламент се носители на иницијативи за промоција на еднаквост и толеранција, организираат работилници и културни настани за промоција на почитување на различностите и обезбедување врсничка поддршка на ученици со и без попреченост.

За вработените и родителите се организираат активности за препознавање на форми на дискриминација и говор на омраза; интервенција и медијација при конфликти; промоција на инклузивни практики, кампањи, денови на културна различност и активности за унапредување на меѓуетничка интеграција.

**Член 9**

Во рамки на **Програмата за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци**, училиштето реализира активности преку задолжителните и изборните предмети, со интегрирање на содржини кои се однесуваат на штетноста и последиците од употреба на овие супстанци. Содржините се резлизираат преку едукативни и интерактивни игри и работилници, прикази на реални случаи, проекција на видеа што ја прикажуваат опасноста и последиците од злоупотребата, како и интерактивни дискусии и квизови за препознавање на ризично однесување.

Во рамки на други активности училиштето организира спортски и рекреативни активности за квалитетно користење на слободното време; работилници за градење отпорност на врснички притисок и развивање вештини за донесување здрави одлуки и избори, работилници за емоционална интелигенција, самоконтрола и справување со стрес без користење штетни супстанци; клубови и волонтерски активности како алтернатива на ризично однесување и учество во кампањи за здрав живот и безбедна средина.

Советодавната работа се спроведува преку индивидуални разговори со ученици кои покажуваат знаци на злоупотреба или се под ризик, советување за лична самоконтрола, емоционална стабилност и друго.

Учениците подготвуваат и реализираат кампањи, едукативни видеа и јавни активности за промоција на здрави стилови на живот; иницираат спортски и рекреативни активности, со цел промоција на здрав начин на живот; спроведуваат анкети и истражувања за навиките на младите и предлагаат мерки за подобрување.

За вработените и родителите се организираат активности за препознавање на знаци на злоупотреба и интервенција; воспоставување на систем за координација со стручната служба и следење на ученици под ризик; програми за јакнење на самодоверба, справување со стрес и градење на здрави навики, кампањи и јавни активности за промоција на здрав живот и

информирање за штетноста на супстанците, соработка со здравствени установи, локални центри за превенција и експерти за зависности.

**Член 10**

Во рамки на **Програмата за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција,** училиштето реализира активности преку задолжителните и изборните предмети со интегрирање на содржини за препознавање на ризиците и последиците од учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција. Содржините опфаќаат законски последици од ваквите појави, ризици поврзани со финансиски загуби, криминални активности и социјални последици, како и анализа на реални случаи и примери за малолетничка деликвенција.

Активностите се спроведуваат преку дискусии, работилници и други интерактивни форми, прилагодени на возраста на учениците.

Во рамки на други активности училиштето организира спортски турнири, клубови и секции како алтернатива на ризичните активности; работилници за јакнење на личниот интегритет, отпор кон врснички притисок, почитување на општествените правила и промоција на здрави алтернативи; волонтерски акции, тимски проекти, презентации, дебати и сценарија за прикажување начини за превенција и избегнување малолетничка деликвенција, со цел квалитетно користење на слободното време и промоција на здрави интереси.

Советодавната работа се спроведува преку работа со ученици кои покажуваат знаци на импулсивно однесување, агресија или се инволвирани во ситни прекршоци.

Учениците организираат форум-театар, драмски претстави и јавни настани со цел подигање на свеста; креираат кампањи на социјални мрежи и дигитални содржини за одговорно однесување, подготвуваат Кодекс на одговорно однесување, кој се усвојува на ниво на ученички парламент.

За вработените и родителите се организираат активности за препознавање на знаци на ризично однесување и навремена интервенција; редовни состаноци со стручната служба за координација на превентивните активности, кампањи за подигање на свеста за штетноста на игрите на среќа и ризичното однесување; соработка со локални институции, Министерството за внатрешни работи и социјални служби за рана интервенција.

**Член 11**

Директорот на училиштето е одговорен за спроведување и следење на примената на овој правилник.

**Член 12**

Училиштата се должни да водат евиденција за сите реализирани активности, и истите се вклучуваат во годишниот извештај за работа на училиштето.

Учениците се вклучуваат во подготовка на извештаите преку доставување предлози, забелешки и оценка на реализираните активности.

Бирото за развој на образованието врши надзор, анализа и проценка на реализацијата на програмите на национално ниво.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**проф.д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Бр. 18-13035/1**
**08.10.2025 година**

**Скопје**